Република Северна Македонија
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
02-642/1
27.11.2023 година

Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА
# ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2022 ГОДИНА

Јули 2023 година

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД....3
II. ВНАТРЕШНИ АКТИ НА ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....9
III. АКТИВНОСТИ НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕ ДРЖАВНОПРАВОБРАНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА....13
IV. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ....16
V. ОБЕМ НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2022 ГОДИНА....18
**1. Парнични предмети....19**
**2. Управни предмети и Управни спорови....19**
**3. Правни мислења....20**
**4. Извршни предмети....20**
**5. Стечајни предмети....20**
**6. Предмети од превентивниот метод на работа....21**
**7. Вонпарнични предмети....22**
**8. Атхезиони предмети....22**
**9. Платни налози....22**
**10. Организационите предмети....22**
**11. Разно....23**
**12. Денационализација....23**
**13. Постапување по претставки и предлози....24**
**14. Слободен пристап до информации од јавен карактер....24**
**15. Редовни и вонредни правни средства....25**
**16. Стручни колегиуми....25**
VI. ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА....25
VII. ПОСТИГНУВАЊА ВО ПРЕДМЕТСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2022 ГОДИНА....27
VIII. ЗАВРШЕН ДЕЛ....27

## I. ВОВЕД

Согласно член 34 од Законот за државното правобранителство (Сл.весник на РМ 87/07 и 104/15) Државниот правобранител на Република Северна Македонија, за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, најмалку еднаш годишно ја известува Владата на Република Северна Македонија. Овој Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2022 година е изработен во насока Владата на Република Северна Македонија да биде запознаена со целокупната активност на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во текот на 2022 година.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија е основано со Законот за државно правобранителство (Сл весник на РМ бр.87/07), со кој се уредуваат организацијата и надлежноста на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители, нивните овластувања, права и должности, средствата за работа, пристапот до информации, соработката со органите на државната управа и други прашања од значење за работата.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија е државен орган кој превзема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија. Државното правобранителство ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Приоритетна цел на органот е правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија, пред судовите и други органи во земјата и странство. Ефикасноста во своето работење ја постигнува со тим составен од обучен кадар.

Децениите поминати во реализација на целта за правна заштита на државата од повеќе аспекти придонесе Државното правобранителство на Република Северна Македонија да стане самостоен државен орган кој претставува важен фактор при остварување и заштита на имотните права и интереси на државата.

Согласно Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на седиштата на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно-правобранителската функција бр.41-148/1 од 8 февруари 2022 година на

Владата на Република Северна Македонија утврдени се 16 седишта на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно-правобранителската функција и тоа во Скопје, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип, Битола, Велес, Кочани, Куманово, Тетово, Струга, Кичево, Гостивар, Охрид и Дебар.

Со Одлука бр.45-5748/1 од 20 август 2019 година на Владата на Република Северна Македонија (Сл весник на 3/08, 215/2018 и Сл весник на РСМ бр. 178/2019 и 187/2022) определен е бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија при што за подрачје Скопје 18 (осумнаесет) државни правобранители, за подрачје Гостивар и Куманово определени се 4 (четири) државни правобранители, за подрачјата Битола, Тетово, Струга, Кичево, Кочани и Велес по 3 (три) државни правобранители и за подрачјата Охрид, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип и Прилеп по 2 (двајца) државни правобранители и за подрачје Дебар еден државен правобранител.

Со Правилник Дел бр. 08-1437/7 од 14 јули 2008 година на Министерот за правда (Сл весник на РМ бр.89/08), утврдена е формата и содржината на образецот, содржината, постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација на Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители. Имајќи ги во предвид сите законски промени овој правилник треба да биде изменет и дополнет .За истово на неколку патти е известено Министерството за правда, но измени не се донесени.

Функцијата на Државното правобранителство ја врши Државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство.

Функцијата Државниот правобранител на Република Северна Македонија во 2022 година ја вршеше Фехми Стафа се до 22 август 2022 година, а од 23 август 2022 година ја врши Државен правобранител за подрачје Скопје Саша Станчевски како определен државен правобранител согласно член 9 став 3 од Законот за државното правобранителство.

Седиштето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија е во Скопје, на Бул. Гоце Делчев бр.18, во зградата на Јавното радиодифузно претпријатие "Национална радиотелевизија" на VI-кат.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија има добиено Сертификат за Систем за управување со квалитет ISO 9001:2008 , под регистарски број Q

1084/0 од 12.12.2014 година.

Во Државното правобранителство на Република Северна Македонија се вработени вкупно 168 лица, од кои 47 се лица именувани од Владата на Република Северна Македонија.

Од вкупно предвидени 56 државни правобранители во сите подрачја каде што се врши државно-правобранителската функција, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија ( Сл.весник на РСМ бр.178/2019 и 187/2022) во моментов именувани се 47 државни правобранители. **Напоменуваме дека е под итно неопходно да се именуваат и останатите државни правобранители, бидејќи е премногу отежнато работењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, особено во одредени подрачја каде во моментов има само по еден државен правобранител (Велес и Тетово, а во подрачје Охрид во моментов нема ниеден државен правобранител.Подрачје Дебар се уште не е отворено бидејќи нема именувано државен правобранител, а истовремено ниту од страна на Министерството за финансии не се дозволува вработување на административни службеници во ова подрачје.)**

Во Државното правобранителство на Република Северна Македонија вработени се вкупно 121 административни службеници . Административни службеници се вкупно 116 додека вработени кои немаат статус на државен службеник се вкупно 5. Раководни административни службеници се вкупно 4 извршители и тоа: државен советник 1, раководител на сектор 1, и раководител на одделение 2 извршители. Од категорија стручно административни службеници вработени се вкупно 88 од кои : советници 16, виш соработник 2, соработник 1 , помлади соработници 62 . Помошно –стручни аадминистративни службеници се вкупно 29 од кои: самостоен референт 2, виши референти 13, референти 7, помлади референти 7 .

Од вкупно 168 вработени со висока стручна спрема се 134 од кои 47 државни правобранители и 87 административни службеници, со виша стручна спрема 1, со средна стручна спрема се 28 .Од 5 вработени кои немаат статус на државен службеник 3 се со средно образование и 2 со основно образование.

Од вкупен број на вработени 168 мажи се 71 и жени 97. Од вкупен број на функционери 47 мажи се 21, жени 26, од кои македонци се 35, албанци 11 и 1 влав .

Од вкупен број на државни службеници 121: мажи се 50, жени 71, а од вкупен број на вработени кои немаат статус на државен службеник 5 : мажи се 3 , а жени 2 . Од 116 административни службеници ,македонци се 38 , албанци 68, срби 4 ,турци 3, роми 2 и бошњаци 1 . Од вкупно 168 вработени -функционери и административни службеници - македонци се 77, албанци 80 , срби 4 , турци 3, бошњаци 1 , роми 2 и влав 1 .

Со Одлука бр.42-11173/2-14 од 8 јануари 2015 година на Владата на Република Македонија објавена во Службен весник на Република Македонија бр.4 од 12 јануари 2015 година на Државното правобранителство на Република Македонија му е доделено на користење административен простор кој се наоѓа на Булевар „Гоце Делчев„ бр.18-Скопје, КП бр.12231, КО Центар 1, со површина од 700 м2, запишан во Имотен лист бр.98456, сопственост на Република Северна Македонија ( во зградата на Јавното радиодифузно претпријатие “Национална радиотелевизија“ на VI-кат).

**Имајќи го во предвид бројот на зголемување на државни правобранители за подрачје Скопје и зголемување на бројот на вработени во Државното правобранителство во подрачје Скопје неопходно е потребно да биде најден соодветен деловен простор кој би овозможил основни услови за работа , бидејќи во моментов нема доволен простор за дасе одвива нормално државно правобранителската функција ниту да се одвива целокупната работа. Во моментов во секоја канцеларија има по двајца државни правобранители што ја отежнува нормалната работа на секој државен правобранител. Административните службеници се по тројца, четворица и осум во една канцеларија, со што е отежнато нормалното извршување на работните задачи на секој од нив.**

Со Одлука бр. 19-5453/1 од 2 декември 2008 година на Владата на Република Македонија на Државното правобранителство на Република Македонија му е доделено на користење административно-деловен простор во Прилеп во површина од 117,20 м2, а со Одлука бр. 23-3275/1 од 7 јули 2003 година на Владата на Република Македонија на Државното правобранителство на Република Македонија е пренесено правото на користење на дел од приземје во површина од 570,79 м2 во Битола.

Со Одлука бр. 19-3495/1 од 12 август 2008 година на Владата на Република Македонија на Државното правобранителство на Република Македонија во Струга му е доделено на користење административно-деловен простор во Струга со површина од 17,1 м2 и дел од просторија со површина од 7,98м2 кој се наоѓа во објект –зграда на Основен суд Струга на ул.,,Струшки Кепенци"бб, со број на КП 1215/1 заведен во ИЛ 2948 за КО Струга

Со Одлука бр.44-593/1 од 4 февруари 2020 година на Владата на Република Северна Македонија на Државно правобранителство на Република Северна Македонија во Тетово му е доделено на користење административно-деловен простор со површина од 79м2, кој се наоѓа на ул.,,Илинденска" бб во Тетово на КП 13419, КО Тетово 3.

Останатите подрачја на Државното правобранителство на Република Северна Македонија смесетени се и користат простории во судовите, освен подрачје Кавадарци кое користи простории во локалната самоуправа во Општина Кавадарци и подрачје Кичево кое користи закупен простор, согласно Одлука на Владата на Република Северна Македонија..

Државното правобранителство на Република Северна Македонија има веб страна: www.drzavnopravobranitelstvo.gov.mk, и е-маил адреса: dpskopje@dprsm.gov.mk.

Во остварување на препораките на Конечниот извештај на Државниот завод за ревисија 01 2019 03 10 од април месец 2020 година од 02-04 ноември 2021 година претставници на Државното правобранителство на Република Северна Македонија на ден 10.02.2022 година остварија работна средба со Правосудниот застапник на Република Франција г-ѓа Лор Бедие (Laure Bédier ) во Париз која беше прва ваква средба остварена на две државни институции. Беа разменети искуства околу надлежностите на овие две институции, нивната поставеност и организација. Пред оваа средба се одржа средба со нејзината екселенција Амбасадорот на Република Северна Македонија во Република Франција г-ѓа Јадранка Чаушевска Димов во просториите на Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Франција во функција на координација пред состанокот на Државниот правобранител на Република Северна Македонија Фехми Стафа со францускиот хомолог, Лор Бедие (Laure Bédier),

Во текот на март месец 2022 година Државното правобранителство на Република Северна Македонија одржа работна средба со претставник на Светска банка Божена

Липеј со која беа разгледан Проектот Модернизација на земјоделството-Управување со земјоделството, ефективност и конкурентност и подобрување на управувањето со земјоделството, преку надлежноста која ја има Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Државниот правобранител на Република Северна Македонија Фехми Стафа, во текот на месец мај, со својот тим оствари успешна посета на Државното правобранителство на Република Италија во Рим .

Пречекот направен од страна на Државниот правобранител на Република Италија Г-ѓа Габриела Палмиери Сандули и нејзиниот тим, беше со највисоки почести, за што изразуваме посебна благодарност. На средбата беа разменети искуства, констатирани сличности и разлики во работата на двете институции. Беше заклучено дека оваа соработка мора да продолжи со возвратна посета од Државниот правобранител на Република Италија Г-ѓа Габриела Палмиери Сандули (Gabriella Palmieri Sandulli) и нејзинот тим во Република Северна Македонија.

Во истиот период Државниот правобранител на Република Северна Македонија Фехми Стафа со својот тим ја посети и Амбасадата на Република Северна Македонија во Рим и оствари средба со неговата екселенција Амбасадорот Весел Мемеди.

Државниот правобранител на Република Северна Македонија Фехми Стафа со својот тим ја посети и Амбасадата на Република Северна Македонија во Ватикан и оствари средба со нејзината екселенција Амбасадорката Марија Ефремова.

Државниот правобранител на Република Северна Македонија Фехми Стафа и Заменик Амбасадорот на Сојузна Република Германија Г-дин Ото Граф на ден 07.06.2022 година, одржаа средба на која беа разгледани повеќе прашања, меѓу кои и борбата против високата корупција.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија беше подржано од страна на неговата екселенција во борбата против високата корупција.

Заменик Амбасадорот на Сојузна Република Германија Г-дин Ото Граф истакна дека ова е добар пат и показател, кој треба да биде следен од сите институции , кон остварување на целта на Република Северна Македонија за влез во Европската Унија.

Во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси

2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата, од декември 2020 година под точка 5.2.меѓу приоритетните проблеми во секторот за правосудството, меѓудругите утврдена е недоволна ефикасност и транспарентност во работата на Државното правобранителство. За разрешување на овој проблем се предвидува активност да биде донесен нов закон за државното правобранителство.

**И Државното правобранителство на Република Северна Македонија е на ставот дека треба да биде донесен нов закон во кој далеку подетално би била утврдена надлежноста, одговорноста и организацијата на самиот орган, а во насока на доставените препораки во Конечен извештај 01 2019 03 10 од април месец 2020 година на Државниот завод за ревизија а и согласно образложението на Државната комисија за спречување на корупцијата, констатирани во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025.**

## *II. ВНАТРЕШНИ АКТИ НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

Во Државното правобранителство на Република Северна Македонија во примена се Правилник за внатрешната организација на Државно правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-1 од 03.06.2020 година со органограм и Правилник за систематизација на работните места во Државно правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-2 од 03.06.2020 година, ДП бр.02-141/20-3 од 23.02.2021 година, ДП бр.02-141/20-4 од 16.03.2021 година, ДП бр.02-141/20-5 од 22.06.2021 година, ДП бр.02-141/20-6 од 24.12.2021 година, ДП бр.02-141/20-7 од 07.02.2022 година и ДП бр.02-141/20-8 од 15.06.2022 година, кој претрпе осум измени, дополнувања и усогласување согласно Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (Сл весник на РСМ 302/2020) како и согласно План за преземање на нераспределените административни службеници вработени преки К-5 програма. Согласно внатрешните акти формирани се 3 сектори и тоа Сектор за управување со човечки ресурси со 2 одделенија: Одделение за организациски развој и обука и Одделение за матична евиденција, Сектор за правни, општи и заеднички работи со 3 одделенија: Одделение за правни работи и застапување, Одделение за општи и заеднички работи и Одделение за превод, и Сектор за финансиски прашања со 2

одделенија: Одделение за буџетска координација, буџетска контрола, координација на јавни набавки, стратешко планирање и следење и Одделение за сметководство и плаќања. Како независно одделение е формирано Одделение за внатрешна ревизија.

Донесен е Годишен распоред за работа на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2022 година ДП бр.02-596/1 од 29.12.2021 година, измени и дополнувања ДП бр. 02-408/1 од 29.04.2022 година, ДП бр.02-408/2 од 20.05.2022 година, ДП бр.02-408/5 од 21.06.2022 година , ДП бр.02-408/7 од 07.07.2022 година, ДП бр.02-408/8 од 26.08.2022 година, ДП бр.02-408/9 од 22.09.2022 година, ДП бр.02-408/10 од 07.10.2022 година, ДП бр.02-408/11 од 10.10.2022 година, ДП бр.02-408/12 од 19.10.2022 година и ДП бр.02-458/13 од 21.11..2022 година.

Согласно член 32 од Законот за Административни службеници (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14, 48/15,1 54/15, 5/16, 142/16 и 11/18, и Сл. Весник на РСМ 275/19 и 14/20) и членовите 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 35/18, 198/18 и Сл весник на РСМ бр 143/19), и член 9 од Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор (Сл весник на РМ бр.63/16) Државното правобранителство на Република Северна Македонија изработи Годишен план за вработување за 2022 година бр.04-318/1 од 05.08.2021 година. На овој Годишен план се бараше ревидирање од Министерството за финансии, па по ревидирањето и планирани 6 вработувања, 6 унапредувања и едно пензионирање Министерството за финансии не се произнесе поради што се сметаше дека е дадено позитивно мислење согласно член 20-б став 6 и став 10, и истиот беше доставен до Министерството за информатичко општество и администрација кое даде согласност на 23.12.2021 година. По барање да се спроведе објавување на јавен оглас од страна на Министерството за финансии не се даде позитивно мислење затоа што не е дадено позитивно мислење на основниот годишен план за вработување од нивна страна. Кога до Министерството се достави нов ревидиран годишен план со кој се предвидуваше 1 вработување, 8 унапредувања и 1 пензионирање па согласност од Министерството за финансии се доби на 05.05.2022 година. Меѓутоа од страна на МИОА, на овој годишен план не се достави позитивно мислење од причини што претходно дале позитивно мислење на друг годишен план. Поради усогласување на двете министерства се изработи ревидиран Годишен план за вработување на 2022 година од 05.07.2022 година на кој на ден 29.07.2022 година се доби согласност од Министерството за финансии, а од Министерството за информатичко општество и администрација на ден 23.12.2022 година,

односно на ден 26.12.2022 година. Дадени се два полугодишни извештаи за спроведување на Годишниот план за вработување. Согласно Извештаите за реализација на Годишниот план за вработување во 2022 година не е извршено вработување , но не се извршени ниту унапредувања а институцијата ја имаат напуштено 11 лица по разни основи..

Државното правобранителство на Република Северна Македонија има донесено Стратешки план за 2023-2025 година 02-1052/1 од 24.08.2022 година

Стратешки план на Државното правобранителство на Република Северна Македонија е стратешки документ преку кој се дефинираат активностстите за остварување на својата конкретна и единствена цел. Стратешкиот план за период од 2024 година- 2026 година, претставува континуирано продолжување на стратешките цели и приоритети на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, програмите, активностите, потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати. Како застапник по закон на државата Државното правобранителство на Република Северна Македонија своите стратешки цели ги утврдува преку стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во својот домен на дејствување.

Стратешките приоритети и цели на Државното правобранителство произлегуваат од Одлуката за утврдување на Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година (Сл весник на РСМ бр.97/21) што подразбира успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија , владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност..

Стратешките приоритети и цели на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се :

***1.* Правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и државните органи основани со закон**

Од овој приоритет произлегуваат следните цели:

-Постојано, редовно, благовремено, економично преземање на сите правни мерки и средства во постапките кои се водат пред судовите и другите органи и институции

-Донесување на Годишен распоред за работа на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2022 година

-Изготвување на План за јавни набавки за 2022 година

-Изготвување на финансов план за 2022 година

-Да се изработат полугодишни извештаи за спроведување на Законот за постапување по претставки и предлози

-Да биде изработена годишна Информација за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

-Да се изготват полугодишни извештаи за спроведување на Законот за спречување на корупцијата

- Да се изготви Годишен план за вработување за 2023 година и да се изготват полугодишни извештаи

- Спроведување на Годишен план за вработување за 2022 година

-Да се изготви Годишен план за обука и да се изготват полугодишни извештаи за реализирање на Годишен план за обука

-Да се одржат работилници (семинари) на ниво на државни правобранители, на стручниот кадар и на стручно-административниот кадар.

- да се воспостави back up заштита (копија на податоци на надворешна локација ) на документите во Државното правобранителство на РСМ

-Унапредување и координирање на функционалниот процес на стратешко планирање

-Подобрување на квалитетот на процесот на стратешко планирање и зајакнување на интеграцијата со буџетскиот процес

-зголемување на институционалните капацитети за подготвување и спроведување на стратешкиот план, евалуација и известување на постигнатите резултати,

-одржување на дневна комуникација и соработка со одделенијата во ДПРСМ преку консултативно советодавни работни средби

-приклучување на ДПРСМ на Националната платформа за интероперабилност

Државното правобранителство на Република Северна Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно кој се определени службени лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или располага Државното Правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надежности во сите 15 подрачја во кои се обавува државнопрвобранителската функција. Доставен е Годишен извештај за

спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2022 година до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Списокот на лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага Државното правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надлежности во сите 15 подрачја во кои се обавува државно правобранителската функција е објавен на веб страната на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

## *III.* АКТИВНОСТИ НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ДРЖАВНОПРАВОБРАНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА

Активностите и работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во текот на 2022 година, произлегуваа од овластувањата, правата и обрвските што Државното правобранителство на Република Северна Македонија ги има согласно Законот за државното правобранителство, системските закони и другите законски и подзаконски прописи.

Државното правобранителство, во својата работа применува закони, законски прописи и подзаконски акти кои уредуваат правна материја од повеќе области на правото, како што се: Законот за облигациони односи, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за денационализација, Законот за градежно земјиште со подзаконските акти, прописите поврзани со трансформација на општествениот капитал и продажбата на државниот капитал; Законот за парничната постапка, Законот за извршување, Законот за општа управна постапка, Закон за експропријација, Законот за стечај, Законот за нотаријат, Закон за кривична постапка во делот на оштетните побарувања и други правни прописи.

Работењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија се базира врз следните закони:

- Закон за Државно Правобранителство (сл.весник на Р.М. бр. 87/07 и 104/15),

- Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост (сл. весник на Р.М. бр. 4/05,13/07,165/08,146/09,18/11,51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18, 122/21),
- Закон за денационализација (сл. весник на Р.М. бр. RM бр. 20/98, 31/00, 42/03, 44/07, 72/10, 171/2010, 55/13, 33/15, 104/15),
- Закон за градежно земјиште (сл. весник на Р.М. бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19),
- Закон за земјоделското земјиште (сл. весник на Р.М. бр. 135/07, 17/08, 18/11, 42/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 178/21 и 91/23)
- ,Закон за експропријација (сл. весник на Р.М. бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21 и 111/23)
- Закон за домување (сл. весник на Р.М. бр. 99/09, 57/10,36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20 и 150/22),
- Закон за продажба на станови во општествена сопственост („Службен лист на СФРЈ" бр. 36/90, и „Службен весник на Република Македонија" 62/92, 7/98, 24/03, 24/11 и 144/14)
- Закон за нотаријатот (сл. весник на Р.М. бр. 72/16, 142/16, 233/18),
- Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (сл. весник на Р.М. бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06,84/07,123/12, 25/15),
- Закон за ловството (сл. весник на Р.М. бр. 26/09, 82/09, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15, 83/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/21, 283/21 и 91/23),
- Закон за постапување по претставки и предлози (сл. весник на Р.М. бр. 82/08,13/13, 156/15, 193/15)
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (сл.весник на РСМ бр.101/2019)

Покрај надлежностите и овластувањата што ги има со законите и другите подзаконски акти, Државното правобранителство на Република Северна Македонија постапува редовно и согласно Заклучоците од Владата на Република Северна Македонија. Државните правобранители секогаш активно учествуваат на седниците на Комисиите на Владата на Република Северна Македонија,како и на седници на Владата на Република Северна Македонија.

Во текот на 2022 година, во работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија најголемо место завземаат парнични предмети и управни предмети .

Државното правобранителство на Република Северна Македонија учествува во постапките за отуѓување на градежното изградено и неизградено земјиште со давање на соодветно мислење, неговата приватизација согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, како и за отуѓување на други недвижности сопственост на државата, размена на земјоделско земјиште согласно член 16 и продолжување на договори за закуп на земјоделско земјиште, согласно член 39 од Законот за земјоделското земјиште .

Активното учество на Државниот правобранител во постапката за отуѓување на градежното неизградено земјиште сопственост на Република Северна Македонија, како и за отуѓување на друга недвижност сопственост на државата, се заснова врз член 56 од Законот за нотаријат.

Согласно член 56 од Законот за нотаријат, улогата на Државниот правобранител во давање на мислења е од големо значење. Ако е во прашање изготвување на нотарска исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, кога како една од договорните страни се јавува Република Северна Македонија, нотарот е должен да прибави мислење од Државниот правобранител. Нотарот ќе го одложи изготвувањето на исправата додека не биде дадено мислењето, а најдоцна за 30 (триесет) дена. Ако Државниот правобранител не даде мислење во определениот рок, нотарот ќе ја изготви нотарската исправа како да е дадено позитивно мислење. Нотарските исправи изготвени спротивно на одредбите на овој член немаат својство на јавна исправа и не произведуваат правно дејство.

Споровите кои се водат во парничните постапки каде Државното правобранителство на Република Северна Македонија се јавува како застапник по закон на Република Северна Македонија и нејзините органи, се по најразлични основи, од кои како најчести и позначјани може да се споменат следниве:

- спорови за утврдување на право на сопственост на недвижен имот

-спорови за надомест на материјална и нематеријална штета, и тоа по основ на неоправдано осудени или неосновано лишени од слобода лица; заради противправно одземање на предмети во кривична и прекршочна постапка; како и надомест на штета по други основи;

- Спорови во врска со поништувањето на договори кои ги склучила Република Северна Македонија, особено: договори склучени во постапките за отуѓување или давање под закуп на државен имот (градежно земјиште, земјоделско земјиште); договори склучени во постапките за јавна набавка и други договори каде како договорна странка се јавува Република Северна Македонија или некој нејзин орган, доколку постојат законски основи за нивно поништување;

- Спорови во врска со наплата на долгови по најразлични основи, било во случај Република Северна Македонија или нејзин орган да се јавува во својство на доверител или должник;

- Работни спорови во кои најчесто државните органи се тужени заради спроведена постапка и донесени одлуки по дисциплински постапки, исплата на јубилејна награда ,исплата на додатоци на плата за прекувремена работа од различни односи-ноќна работа,работа во смени, работа на празник, работа со висок ризик и др.

-Спорови за утврдување оспорено право во стечајна постапка

Покрај редовната соработка помеѓу органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, која најчесто се однесува на нивно застапување од Државното правобранителство пред надлежните судови и други органи, Државното правобранителство на Република Северна Македонија на барање од органите на државната управа, дава мислења по одредени правни прашања.

## *IV.СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ*

Државниот правобранител на Република Северна Македонија,согласно одредбите од Законот за Државно правобранителство, во врска со прашања од значење за

остварувањето на неговата функција и по прашања од заеднички интерес, соработува со органите на државната власт, судовите и со физички и правни лица.

Начелно, соработката помеѓу Државното правобрнителство на Република Северна Македонија со судовите, Јавното обвинителство, министерствта и други органи и организации е задоволителна, иако во определени случаи се појавуваат одредени потешкотии, кои најчесто се резултат на релативно краткиот рок за постапување и превземање на определени правни дејствија.

Покрај редовната соработка помеѓу органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, која најчесто се однесува на нивно застапување од Државното правобранителство пред надлежните судови, другите органи, Државното правобранителство на Република Северна Македонија на барање од органите на државната управа, дава Мислења по одредени правни прашања.

Во насока на спроведување на Протоколот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, се одржуваат работни средби и состаноци со претставници на државните органи за надминување на одредени проблеми кои се појавуваат во тековното работење на секој орган, а кое е непосредно во врска со постапувањето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во остварување на основната надлежност, а тоа е превземање на мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија

Соработката на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и државните органи е на задоволително ниво и сметаме дека истата мора да продолжи. Државното правобранителство на Република Северна Македонија смета дека соработката помеѓу органите на државната управа е многу значајна и претставува еден вид успешен начин на надминување и разрешување на правни прашања кои се појавуваат во основната функција на Државното правобранителство, заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија.

Државното правобранителсто на Република Северна Македонија како државен орган кој превзема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Релубика Северна Македонија ќе продолжи со законито, стручно, ефикасно и економично извршување на државно-правобранителската функција како основна законска функција на органот на целата територија на Република Северна Македонија и

координирано да постапува во работењето и постапувањето односно остварувањето на државно-првобранителската функција во и помеѓу утврдените седишта на Државните правобранители, во кои се извршува оваа функција на територијата на Република Северна Македонија.

Позитивната соработка помеѓу Државното правобранителство на Република Северна Македонија и органите кои ги застапува и во иднина треба да продолжи и уште повеќе да се надградува се во интерес на целосната заштита на имотните права и интерси на Република Северна Македонија.

## V. ОБЕМ НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2022 ГОДИНА

Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во периодот од 01.01.2022 год. заклучно со 31.12.2022 год., постапувало по сите видови предмети кои спаѓаат во негова надлежност.

**Во текот на 2022 година**, Државното правобранителство на Република Северна Македонија имало во работа и постапувало **во вкупно 215006 предмети**, и тоа од сите области на правото каде е потребно преземање мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија.

Согласно Сумарниот Преглед за движење на предметите за 2022 година за подрачјето на Скопје каде што е и седиштето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија **вкупно предмети во работа имало 67889** .

Како составен дел на овој Извештај се и Сумарниот преглед за движење на предметите за 2022 година за сите подрачја на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Сумарниот преглед за движење на предметите за 2022 година за подрачје Скопје.

Укажуваме дека големиот број на предмети кои се водат и се активни иако произлегуваат и се пренесуваат од претходни години, произлегуваат од постапки за кои одлучуваат други органи и нивното завршување независи од постапувањето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија. Такви се најмногу парнични предмети, извршни предмети, извршно-кривични предмети, извршно прекршочните предмети, стечајни предмети,предмети за денационализација и др.

*1. Парнични предмети*

Парничните предмети имаат посебна важност и се сметаат како посложени предмети кои се наоѓаат во работа во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Во 2022 година вкупно предмети во работа биле 28183 од кои само за подрачје Скопје 16889.**

Споровите кои се водат во парничните постапки каде Државното правобранителство на Република Северна Македонија се јавува како застапник по закон на Република Северна Македонија и нејзините органи, се по најразлични основи.

Од прибавените податоци во 2022 година биле поднесени редовни правни лекови-жалби 228 пред Апелационите судови во Република Северна Македонија и вонредни правни лекови- ревизии 6 пред Врховниот суд на Република Северна Македонија

*2. Управни предмети и Управни спорови*

**Во текот на 2022 година управни предмети во работа биле 16338 од кои само за подрачје Скопје 7582, а управни спорови 11091 од кои само за подрачје Скопје 8159.**

Работењето по управните предмети се однесуваат на покренувањето и водењето на управни постапки заради реализација на урбанистичкиот план кое се однесува за одземање од владение градежно неизградено земјиште, експропријација на недвижности и одземање или ограничување на правото на користење на недвижности во државна сопственост. Во овие предмети влегуваат и доставувањата на потврди од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, кои се однесуваат за промена на содржината на недвижностите во имотните листови, на име на физички или правни лица, или на име на Република Северна Македонија.

Во текот на 2022 година од прибавените податоци, во управни постапки биле поднесени 135 жалби, тужби за управен спор биле 13.

*3. Правни мислења*

Посебен вид предмети кои се наоѓаат во работа во Државното правобранителство преставуваат давањето правни мислења кои согласно законските овластувања ги дава Државниот правобранител на Република Северна Македонија.

**Во текот на 2022 година од областа на правни мислења во работа вкупно биле 13580, од кои само за подрачје Скопје 5530.**

*4. Извршни предмети*

**Во текот на 2022 година извршни предмети вкупно во работа биле 10373. Во подрачје Скопје биле во работа 4303 извршни предмети.**

Ова се предмети кои се водат пред надлежни извршители.

Мора да напоменеме дека во работа се сеуште 81765 извршно прекршочни предмети и 10309 извршно кривични предмети кои се заведени пред надлежни извршители, иако Државното правобранителство на Република Северна Македонија повеќе нема надлежност за постапување, во овие предмети. Меѓутоа како истите се поведени пред надлежните извршители кога Државното правобранителство на Република Северна Македонија имаше надлежност, а истите не се завршени пред надлежните извршители, тоа истите се водат како предмети во работа. Постапувањето и завршувањето по овие предмети, зависи од постапката која ја водат надлежни извршители .

*5. Стечајни предмети*

**Во текот на 2022 година стечајни предмети вкупно во работа биле 4440, од кои во подрачје Скопје 3036.**

Државното правобранителство како законски застапник на Република Северна Македонија во стечајните постапки учествува како доверител во случаевите кога по известие добиено од Управата за јавни приходи, или од друг државен орган Државното

правобранителство поднесува барање за отворање на стечајна постапка, односно во отворена стечајна постапка поднесува стечајни побарувања кои ги има Република Северна Македонија спрема стечајниот должник. Во стечајната постапка пред судовите Државното правобранителство зема активно учество штитејќи ги имотните права и интереси на Република Северна Македонија кога таа или нејзин орган се јавува како доверител во стечајна маса. Во случаите кога се работи за поголемо побарување што Република Северна Македонија го има пријавено во стечајната маса, тогаш Државното правобранителство учествува во работата на Одборот на доверители.

Државното правобранителство во стечајните постапки поднесува тужби пред надлежните судови, во случаите кога од страна на стечајниот суд е упатен на судски спор. Овие постапки се водат пред надлежните граѓански судови, во кои Државното правобранителство превзема правни дејствија за докажување на побарувањето на органот кого го застапува.

Во рамките на стечајните постапки секогаш пред гласањето во Одборот на доверители или пред Собранието на доверители, Државно правобранителство на Република Северна Македонија бара да има добиен точен и изграден став од органот кој го застапува во кој правец ќе се одвива гласањето во рамките на органите на стечајната постапка.

Од прибавените податоци во 2022 година биле поднесени редовни правни лекови- 3 жалби

### *6. Предмети од превентивниот метод на работа*

Во постапувањето по овие предмети , Државното правобранителство врши претходно испитување и анализирање на пристигнатите поднесоци, дописи, претставки, извештаи и сл. и доколку увиди дека се повредени имотните права и интереси на Република Северна Македонија, тогаш заради заштита на истите , поведува соодветна постапка пред надлежен орган, или превзема други дејствија за кои е овластено да ги превзема. Еден од превентивните методи на работа се и Опомените до физичките и правните лица за доброволно плаќање на долговите кон Република Северна Македонија.

**Во текот на 2022 година превентивни предмети вкупно во работа биле 3811, од кои во подрачје Скопје се 1644.**

*7. Вонпарнични предмети*

Вонпарнични предмети се предмети кои се однесуваат за определување на надомест за градежно земјиште одземено од владение, експропирани недвижности,како и предмети по физичка делба на ствари сопственост на Република Македонија.

**Во текот на 2022 година вонпарнични предмети вкупно во работа биле 2955, во подрачје Скопје 818, а од прибавените податоци биле поднесени 174 жалби од страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.**

*8. Атхезиони предмети*

Во атхезионите предмети Државното правобранителство застапувајќи ја Република Северна Македонија и нејзините органи, поднесува имотно правни побарувања насочени спрема обвинетите во кривичната постапка. Ова учество е веќе по започнатите истражни и кривични постапки од страна на Јавното обвинителство кои постапки се однесуваат на предметите поврзани со злоупотреба на службена положба и овластувања, затајување на данок (даночно затајување), коруптивни дејанија и друго.

**Во текот на 2022 година атхезиони предмети вкупно во работа биле 964, од кои во подрачје Скопје 534.**

*9. Платни налози*

Од страна на нотарите до Државното правобранителство се доставуваат платни налози по кои во најголем дел се поднесуваат приговори , кои потоа поради спорност продолжуваат во постапка пред надлежните првостепени граѓански судови.

**Во текот на 2022 година предмети по платни налози вкупно во работа биле 868, од кои во подрачје Скопје 664.**

*10. Организационите предмети*

Во овој вид предмети спаѓаат предметите, по кои постапува Државниот правобранител на Република Северна Македонија, од носење на соодветни одлуки од

негова надлежност, така и неговата соработка со другите органи , установи, институции, со размена на податоци и информации, со давање правни мислења, правна помош и совети, на органите кои не се застапувани од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, а се корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија (национални установи, дирекции, агенции и сл.), како и предмети поведени по повод разни поднесоци, барања, предлози и сл. поднесени непосредно до Државниот правобранител на Република Северна Македонија, од страна на правни и физички лица.

Тука спаѓаат и предметите преку кои Државниот правобранител на Република Северна Македонија и Државните правобранители кореспондираат и соработуваат, во врска со организациони прашања во рамките на Државното правобранителство, како и други предмети кои се однесуваат за размена на податоци и информации.

**Во текот на 2022 година организациони предмети во подрачје Скопје вкупно во работа биле 3637, од кои примени предмети 1480 а архивирани биле 718.**

***11. Разно***

Посебни предмети кои се наоѓаат во работа при Државното правобранителство се предмети кои се однесуваат за постапувањето на Државното правобранителство по повод на најразлични поднесоци, барања, известувања, предлози и слично доставени од страна на државните органи, правните и физичките лица.

**Во текот на 2022 година предмети разно вкупно во работа биле 3276, а во Скопје 1121.**

***12. Денационализација***

**Во текот на 2022 година предмети за денационализација вкупно во работа биле 6061 , од кои 119 биле примени во работа, а 111 се завршени предмети. Во подрачје Скопје вкупно предмети во работа се 1728 од кои 23 биле примени во работа.**

Државното правобранителство на Република Северна Македонија преку државните правобранители, превзема соодветни мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија. Во сите случаи кога се

констатираат повреди на имотните права и интереси на Републиката во процесот на денационализција, се поднесуваат тужби до Управниот суд, односно жалби до Вишиот управен суд. Од страна на Државниот правобранител на Република Северна Македонија во рамките на надлежностите се прават напори да се испочитува ставот на Владата на Република Северна Македонија овој процес да заврши што е можно поскоро.

### *13. Постапување по претставки и предлози*

Државниот правобранител на Република Северна Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози согласно кој има определено лице кое постапува по претставките и предлозите. Во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2022 година, согласно двата полугодишни извештаи се примени и заведени вкупно 15 предмети. Од физички лица поднесени се 8 предмети, и од правни лица 7 предмети..По писмен пат примени се 13 предмети, а по електронски пат 2 предмети. Постапено е по сите.

### *14.Слободен пристап до информации од јавен карактер*

Државниот правобранител на Република Северна Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно кој се определени службени лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или располага Државното Правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надлежности во сите 15 подрачја во кои се обавува државно правобранителската функција. Доставен е Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2022 година до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер. Списокот на лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага Државното правобранителство на Република Северна Македонија согласно своите надлежности во сите 15 Подрачја во кои се обавува државно правобранителската функција е објавен на веб страната на Државното правобранителство на Република Северна Македонија. Во Државното правобранителство на Република Северна Македонија примени се вкупно 42 барања за пристап до информации, од кои во подрачје Скопје 23, во подрачје Кочани 4, во подрачје Куманово

2, во подрачје Тетово 1, во подрачје Кичево 4, во подрачје Гостивар 5, во подрачје Битола 1, во подрачје Гевгелија 2, Постапено е по сите барања согласно законските одредби., со тоа што позитивно е одговорено на 34 баратели, 2 предмети се делумно позитивни, а 6 барања сњ одбиени. Поднесени се 2 жалби, од кои една е отфрлена, а една е одбиена.

### *15.Редовни и вонредни правни средства*

Од прибавените податоци во 2022 година биле поднесени редовни правни лекови-жалби 234 пред Апелационите судови во Република Македонија, вонредни правни лекови- ревизии 6 пред Врховниот суд на Република Македонија .

Во текот на 2022 година од прибавените податоци, во управни постапки биле поднесени 135 жалби, тужби за управен спор биле 13.

Во текот на 2022 година во вонпарнични предмети од прибавените податоци се поднесени 174 жалби од страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во стечајни постапки 3 жалби и во извршни 14 жалби..

### *16 .СТРУЧНИ КОЛЕГИУМИ*

Државниот правобранител на Република Северна Македонија по потреба одржува Стручен Колегиум на кој се разгледуваат стручни предмети од надлежноста на Државното правобранителство на Република Северна Македонија. Исто така Државниот правобранител на Република Северна Македонија, по потреба организира заеднички средби и со сите Државни правобранители од подрачјата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија. На ваквите Стручни колегиуми се донесуваат заклучоци, со што се постигнува унифицирано постапување на сите Државни правобранители и со што се зголемува и ефикасноста и ажурноста во работењето.

## *VI.ГОДИШЕН ФИНАНСКИСКИ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА*

Согласно Годишниот финансиски план за 2022 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, за период од 01.01.2022 до

31.12.2022 година, од жиро сметката број 040060058263710 од планираниот износ од 137.746.713,00 денари, реализирани се 135.544.639,00 денари.

Сите расходи

| сметка | раб | конто | | | Буџет | План | Реализирано | Разлика | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 637 10 | 00582 | 401 | 20 | Основни плати | 0.00 | 80,177,720.00 | 80,161,712.00 | 16,008.00 | 99.98 |
| 637 10 | 00582 | 402 | 20 | Придонеси за социјално осигурување | 0.00 | 31,127,743.00 | 31,127,743.00 | 0.00 | 100.00 |
| 637 10 | 00582 | 404 | 20 | надоместоци | 0.00 | 1,170,000.00 | 1,170,000.00 | 0.00 | 100.00 |
| 637 10 | 00582 | 420 | 20 | Патни и дневни раходи | 0.00 | 909,000.00 | 800,060.00 | 108,940.00 | 88.02 |
| 637 10 | 00582 | 421 | 20 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0,00 | 8,300,000.00 | 8,190,919.00 | 109,081.00 | 98.69 |
| 637 10 | 00582 | 423 | 20 | Материјали и ситен инвентар | 0,00 | 2,150,000.00 | 1,575,370.00 | 574,630.00 | 73.27 |
| 637 10 | 00582 | 424 | 20 | Поправки и тековно одржување | 0,00 | 1,050,000.00 | 847,853.00 | 202,147.00 | 80.75 |
| 637 10 | 005 | 425 | 2 | Договорни | 0,00 | 8,230,000.0 | 7,492,611.0 | 737,389.0 | 91.0 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 82 | | 0 | услуги | | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 637 10 | 005 82 | 426 | 2 0 | Други тековни расходи | 0,00 | 550,000.00 | 528,759.00 | 21,241.00 | 96.1 4 |
| 637 10 | 005 82 | 464 | 2 0 | Разни трансфери | 0,00 | 2,966,000.0 0 | 2,906,609.0 0 | 59,391.00 | 98.0 0 |
| 637 10 | 005 82 | 480 | 2 0 | Купување на опрема и машини | 0,00 | 735,000.00 | 721,753.00 | 13,247.00 | 98.2 0 |
| 637 10 | 005 82 | 483 | 2 0 | Купување на мебел | 0,00 | 21,250.00 | 21,250.00 | 0.00 | 100. 00 |
| 637 10 | 005 82 | 485 | 2 0 | Вложување и нефинансиски средства | 0,00 | 360,000.00 | 0,00 | 360,000.0 0 | 0.00 |
| ВКУП НО | за | 637 | | | 0,00 | 137,746,71 3.00 | 135,544,63 9.00 | 2,202,074 .00 | 98.4 0 |

Годишниот финансиски план за 2022 година за Државното правобранителство на Република Северна Македонија, за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, од жиро сметка 040060058263118 од планираниот износ од 1.717.000,00 денари, реализирани се 183.868,00 денари.

Сите расходи

| сметка | раб | конт о | | | Буџе т | План | Реализира но | Разлика | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 631 18 | 0058 2 | 420 | 2 0 | Патни и дневни расходи | 0.00 | 200,000.0 0 | 174,822.00 | 25,178.00 | 87.41 |
| 631 18 | 0058 | 421 | 2 | Комунални | 0.00 | 300,000.0 | 0,00 | 300,000.0 | 0.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | | 0 | услуги, греење, комуникација и транспорт | | 0 | | 0 | |
| 631 18 | 00582 | 423 | 20 | Материјали и ситен инвентар | 0.00 | 100,000.00 | 0,00 | 100,000.00 | 0.00 |
| 631 18 | 00582 | 424 | 20 | Поправка и тековно одржување | 0.00 | 182,000.00 | 0,00 | 182,000.00 | 0.00 |
| 631 18 | 00582 | 425 | 20 | Договорни услуги | 0.00 | 300,000.00 | 0,00 | 300,000.00 | 0.00 |
| 631 18 | 00582 | 426 | 20 | Други тековни расходи | 0.00 | 100,000.00 | 0,00 | 100,000.00 | 0.00 |
| 631 18 | 00582 | 464 | 20 | Разни трансфери | 0.00 | 425,954.00 | 0,00 | 425,954.00 | 0.00 |
| 631 18 | 00582 | 465 | 20 | Исплата по извршни исправи | 0.00 | 9,046.00 | 9.046,00 | 0.00 | 100.00 |
| 631 18 | 00582 | 480 | 20 | Купување на опрема и машини | 0.00 | 100,000.00 | 0,00 | 100,000.00 | 0.00 |
| ВКУПНО | за | 631 | | | 0.00 | 1,717,000.00 | 183,868.00 | 1,533,132.00 | 10.71 |

## VII. ПОСТИГНУВАЊА ВО ПРЕДМЕТСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2022 ГОДИНА

Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во своето работење секогаш благовремено и во предвидените законски рокови ги презема соодветните мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и на нејзините органи.

## *VIII. ЗАВРШЕН ДЕЛ*

Законитото, стручното, ефикасното и економичното извршување на државно-правобранителската функција, како основна законска функција на органот на целата територија на Република Северна Македонија и превземањето на сите мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и на нејзините органи, ќе продолжи и понатаму со координирано постапување во работењето и постапувањето односно остварувањето на државно-правобранителската функција во и помеѓу утврдените седишта на Државните правобранители, во кои се извршува оваа функција на територијата на Република Северна Македонија.

Државното правобранителство на Република Северна Македонија и органите кои ги застапува и во иднина треба да продолжат со позитивната соработка и уште повеќе истата да се надградува, се во интерес на целосната заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и нејзините органи.

**Државното правобранителство на Република Северна Македонија е на ставот дека треба да биде донесен нов закон за државното правобранителство во кој би била подетално утврдена надлежноста, одговорноста и организацијата на самиот орган, да се предвиди постапка за прием на државни правобранители, полагање евентуално на посебен испит и би се воспоставиле други посебни и специфични критериуми во приемот на државни правобранители, би се спровело оценување на државните правобранители, за што би требало да се воспостави нов орган Совет на државни правобранители, би се утврдила дисциплинска постапка која би се водела против државните правобранители во која би биле утврдени критериуми за утврдување на нестручно и несовесно работење, како и би се воспоставила посебна државноправобранителска служба, како и би се внеле други одредби, а се**

**во насока на доставените препораки во Конечен извештај 01 2019 03 10 од април месец 2020 година на Државниот завод за ревизија а и согласно образложението на Државната комисија за спречување на корупцијата, констатирани во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025.**

ПРИЛОГ:

- Сумарен преглед за движење на предметите за 2022 година за сите подрачја каде што се врши државно-правобранителската функција,
- Сумарен преглед за движењето на предметите за 2022 година за подрачјето на Скопје

**Изработил:**Државен советник Андријана Сливоска

**Одобрил:** Државен правобранител за подрачје Скопје Саша Станчевски

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Agron Reçi**